Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 344//0306
16.09 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2025 година, врз основа на примена жалба од онлајн медиумот **„4 News.mk“**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Видео прилогот **„Убиство во Тетово“**, објавен на Јутјуб каналот на телевизијата 24 Вести.мк (televizija24vesti.mk) на 10.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 10.08.2025 г., упати жалба за видео прилогот „Убиство во Тетово“, објавен на Јутјуб каналот на телевизијата 24 Вести (televizija24vesti.mk) на 10.08.2025 г., при што се жали на плагијаторство, т.е на украден видео материјал.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Втор пат истиот медиум од нас краде видео снимки, го сече логото на нашиот медиум и ги емитува снимките како свои, но овој пат забораviле на „невидливиот“ жиг кој го имаме во центарот на нашето видео. Срамота е да се краде од колеги, а уште поголема срамота да се сече логото на медиумот и да се дисквалификува работата на колегата кој на +40 степени бил на терен, снимал, го ставил во ризик својот живот (бидејќи во моментите кога се снимаше, убиецот беше во бегство), а некој друг од климатизирана канцеларија (се надевам) симнал, сечел, лепел и направил прилог“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од видео прилогот и линк до објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.
Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека видео прилогот со наслов „Убиство во Тетово“, објавен на Јутјуб каналот на телевизијата 24 Вести (televizija24vesti.mk) на 10.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 12 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за видео прилог на телевизијата која известува за инцидент, убиство во Тетово, при што известувачот веста ја покрива со видео материјал од местото на настанот – информација од јавен интерес.

Комисијата, поаѓајќи од наводите на жалителот, утврди дека станува збор за пример на плагијаторство, односно на преземање на видео содржина и прикривање на изворот од кој е преземена. Поконкретно, ТВ 24 ја користела снимката од 4News без никаква атрибуција, а логото и водениот жиг биле намерно исечени за да се остави впечаток дека станува збор за сопствен оригинален видео-материјал.

Комисијата до овој заклучок дојде со детално проверување и споредување на видео материјалот објавен кај жалителот, со оној кај телевизијата. Медиумите, според Кодексот, не смеаат „да прикриваат суштински податоци и да фалсификуваат документи“. Во овој случај, прикривањето на логото е форма на фалсификување на документ – се брише трагата за потеклото на снимката.

Од тука, Комисијата смета дека се прекршени член 1 и член 12 од Кодексот на новинарите на Македонија кои го регулираат ова прашање:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 12**

Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, просутните членови на Комисијата едногласно одлучија како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595